**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT TË MBIKËQYRJES INSPEKTUESE NË MJEDISIN JETËSOR**

Neni 1

Në Ligjin e Mbikëqyrjes Inspektuese të Mjedisit (*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 99/2022), pas nenit 7, shtohen dy nene të rinj 7-a dhe 7-b të cilët vijojnë:

"Neni 7-a
**Udhëheqja me Inspektoratin Shtetëror të Mjedisit Jetësor**

(1) Inspektoratin Shtetëror të Mjedisit Jetësor e udhëheq drejtor i emëruar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(2) Shpallja publike për zgjedhjen e drejtorit publikohet në së paku tri gazeta ditore që botohen në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, njëra prej të cilave botohet në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve, gjuhë zyrtare e ndryshme nga gjuha maqedonase.

(3) Drejtori për punën e tij dhe për punën e Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit Jetësor i përgjigjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(4) Mandati i drejtorit zgjat katër vjet.

Neni 7-b
**Kushtet për emërimin e drejtorit**

(1) Për emërimin e drejtorit të Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit Jetësor, shpallet shpallje publike në së paku tri gazeta ditore të botuara në tërë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, njëra prej të cilave botohet në gjuhën që flasin së paku 20 % e qytetarëve, gjuhë zyrtare e ndryshme nga gjuha maqedonase.

(2) Drejtor i Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit Jetësor mund të emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut;

2) në momentin e caktimit me aktgjykim të formës së prerë të gjykatës nuk i është shqiptuar dënimi ose sanksioni kundërvajtës me ndalimin e ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) të ketë fituar së paku 240 kredite ECTS ose të ketë përfunduar arsimin e shkallës VII/1;

4) të ketë të paktën gjashtë vjet përvojë pune pas diplomimit dhe

5) zotëron një nga certifikatat e mëposhtme të njohura ndërkombëtarisht ose certifikatat për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vjet:

- TOEFL IBT të paktën 74 pikë,
- IELTS - të paktën 6 pikë,
- ILEC (Cambridge English: Legal) - të paktën niveli B2 (B2),
- FCE (Cambridge English: First) - kaloi,
- BULATS (BULATS) - të paktën 60 pikë ose
- APTIS - të paktën niveli B2.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**89.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

Се прогласува Законот за образование на возрасните,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6455/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организирањето, структурата, финансирањето и управувањето на системот на образование на возрасните.

**Дефиниции**

Член 2

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „**Образование на возрасните**" е дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење за возрасните лица,

2. „**Понудувачи на услуги за образование на возрасните**" се:

а) установа за образование на возрасните е училиште, високообразовна установа, како и специјализирана установа за образование на возрасните и

б) институција за образование на возрасните е правно лице кое има регистрирано дејност за образование на возрасните.

3. „**Работодавачи**" се трговско друштво, установа, или занаетчија кај кои се изведува практична обука за образование на возрасните според тековните услови на нивната активност, при што оваа обука не претставува нивна претежна дејност.

4. „**Јавно признати програми за образование на возрасните**" се програми за формално образование кои ги утврдува Министерството за образование и наука.

5. „**Посебни програми за образование на возрасните**" се програми за неформално образование за стекнување на знаења, вештини и компетенции.

6. „**Диплома и свидетелство**" се јавни исправи со кои се потврдува завршувањето на одредена јавно призната програма за образование на возрасните,

7. „**Сертификат**" е исправа со која се потврдува завршувањето на одредена посебна програма за образование на возрасните.

8. „**Учесник**" е лице кое се вклучува во образовните програми за возрасните и претходно ги исполнил условите во поглед на претходното задолжително образование и други лица кои се образуваат, а немаат статус на ученик.

9. „**Национална рамка на квалификации (НРК)**" е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.

10. „**Македонска рамка на квалификации (МРК)**" е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Северна Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во Република Северна Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.

11. „**Вештини**" е способност за примена на знаењето, извршување на задачите и решавање проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба на логичко, креативно и интуитивно мислење) и практични (мануелна работа и употреба на методи, инструменти, алати и материјали).

12. „**Знаење и разбирање**" е збир на стекнати и систематизирани информации, односно збир на теоретски и фактички информации.

13. „**Доживотно учење**" е активност на формално и неформално образование и искуствено (информално) учење во текот на целиот живот со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични професионални и општествени потреби.

14. „**Квалификација**" е формален резултат од процесот на оценување и потврдување која се стекнува кога надлежна институција ќе потврди дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно утврдени стандарди.

15. „**Компетенции**" се докажана способност за користење на знаењето и вештините во услови на учење или на работа.

16. „**Клучни компетенции**" се збир на компетенции на одредено ниво, потребни за задоволување на личните, општествените и професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотното учење. Клучни компетенции се: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазици, математичка компетенција како и основни компетенции во природните науки, технологиите и инженерството, дигитална компетнција, лична и општествена компетенција и компетенција учење да се учи, граѓанска компетенција, претприемништво, и културна свест и изразување.

17. „**Делумна квалификација**" е единица на резултатите од учење стекната од поединец, оценети и потврдена од надлежен орган според однапред дефиниран стандард.

18. „**Модул**" е независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од наставна или студиска програма и вообичаено може да биде: задолжителен, ко-задолжителен, условен и изборен.

19. „**Оценување**" е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

20. „**Резултати од учење**" се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формално и неформално образование или искуствено (информално) учење и се дефинираат како знаења, вештини и компетенции во смисла на одговорност и самостојност.

21. „**Програма**" е збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

22. „**Формално образование**" се организирани процеси на учење кои се реализираат врз основа на наставни планови, наставни програми и испитни програми за основно и средно образование, приспособени на потребите и можностите на возрасните и на барањата на пазарот на труд, согласно закон, кои водат кон дел или кон целосна квалификација.

23. „**Неформално образование**" се организирани процеси на учење на возрасни врз основа на посебни програми, заради стекнување знаења, вештини и компетенции насочени кон личен развој на возрасните, работа и вработување и социјални активности.

24. „**Искуствено (информалното) учење**" е процес на самостојно стекнување знаења, вредности, ставови, способности и вештини, во секојдневниот живот, работата и социјалната средина.

25. „**Обезбедување квалитет**" е систем на мерки усвоени на национално и/или институционално ниво со кои се потврдува дека се применети процеси и процедури заради осигурување и унапредување на квалитетот на сите аспекти на образовниот процес, на програмите и на системот на квалификациите.

26. „**Стандард на квалификација**" е документ кој содржи стандардизиран опис на квалификацијата и клучен дел од содржината и структурата на квалификацијата на одредено ниво, која ги вклучува сите информации потребни за одредување на нивото, обемот и припадност на одреден сектор на квалификацијата, како и податоци потребни за обезбедување и промовирање на висок квалитет на квалификацијата.

27. „**Стандард на занимање**" е документ кој го одредува потребното знаење, вештини и компетенции кои поединецот треба да ги поседува за да биде способен да изведува работни задачи, должности и функции во рамките на занимањето.

28. „**Валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење**" е постапка со која акредитирана јавна установа за основно и средно образование потврдува дека поединецот ги стекнал резултатите од учење (знаења, вештини и компетенции), преку неформално образование и искуствено учење согласно соодветен стандард за квалификација.

29. „**Микропотврда**" ( Micro-credential) е запис за резултатите од учење кои учесникот ги стекнал по мал обем на учење коишто се оценети според прегледни и јасно определени стандарди.

30. „**Верификација на посебна програма**" е постапка на осигурување на квалитетот и содржината на посебната програма.

31. „**Акредитација на установа или институција**" е формален процес преку кој надлежен орган оценува и потврдува дека установата, односно институцијата ги исполнува стандардите за реализација на програми за образование на возрасните;

32. „**Советник за валидација**" е лице кои ги води и поддржува учесниците во процесите на валидација на нивното претходно стекнато знаење, вештини и компетенции и

33. „**Проценувач на валидација**" е лице кое ги проценува претходно стекнатите знаење, вештини и компетенции на учесникот во валидација.

**Видови на образование на возрасните**

Член 3

(1) Образованието за возрасни им овозможува на возрасните во текот на нивниот живот стекнување на компетенции и квалификации потребни за личен и професионален развој, работа и вработување, како и општествено одговорно однесување.

(2) Образованието на возрасните се реализира како формално образование, неформално образование и искуствено (информално) учење.

(3) Формално образование на возрасните означува дејност која се изведува согласно законите кои ја регулираат дејноста основно, средно и високо образование.

(4) Формалното образование на возрасните, во смисла на овој закон, се организирани процеси на учење кои се реализираат врз основа на наставни планови, наставни програми и испитни програми за основно и средно образование, приспособени на потребите и можностите на возрасните и на барањата на пазарот на труд, во согласност со закон, кои водат кон дел или целосна квалификација.

(5) Неформално образование на возрасни, во смисла на овој закон, се организирани процеси на учење на возрасни врз основа на посебни програми, заради стекнување знаења, вештини и компетенции насочени кон личен развој на возрасните, работа и вработување и социјални активности.

(6) Искуственото (информалното) учење на возрасните, во смисла на овој закон, е процес на самостојно стекнување знаења, вредности, ставови, способности и вештини, во секојдневниот живот, работата и социјалната средина.

**Принципи и цели на образованието на возрасните**

Член 4

(1) Образованието за возрасни се заснова на следниве принципи:

1) доживотно учење - почитување на потребите и можностите на возрасните за учење и развој во текот на животот во сите области од животот;

2) особености - стекнување образование во согласност со искуствата;

3) релевантност - основата на образованието и учењето на барањата и потребите на околината и на поединецот;

4) достапност - еднакви услови за стекнување општо и стручно образование и вклученост во сите степени, видови и облици на образование и учење;

5) интегритет - еднакви права и можности за стекнување образование за развој на личноста, општествените капацитети и улоги, вработливост, професионален развој и напредување;

6) различноста на понудата - слобода и автономија во изборот на начинот, содржината, формата, средствата и методите на образованието на возрасните;

7) еднакви можности - вклучување и стекнување образование без разлика на возраста, полот, тешкотиите и попреченоста во развојот, попреченоста, расната, националната, социјалната, културната, етничката и верската припадност, јазикот, местото на живеење, финансиската или здравствената состојба и други лични карактеристики;

8) соработка во областа на образованието на возрасните - органи на државната управа надлежни за образование, економски развој, вработување, работа, социјална политика, здравство, младинска политика и други области, институции и други организации одговорни за развој, обезбедување и подобрување на квалитетот на образованието. и вработување, научноистражувачки организации, како и други социјални партнери - стопански комори, занаетчиски комори, здруженија на работодавачи, професионални здруженија, единици на локална самоуправа, репрезентативни синдикати и поединци;

9) професионализам и етика – професионални и морални одговорност;

10) еднакво оценување и општествено признавање на образовните резултати - без оглед на формата, видот и начинот на учење и стекнување образование;

11) обезбедување квалитет - развој на механизми за обезбедување стандарди во различни активности на образованието на возрасните и

12) почитување на личноста и достоинството на секој учесник во образованието за возрасни.

(2) Образованието за возрасни обезбедува:

1) подобрување на образовната и квалификациската структура и подобрување на можностите за вработување на населението,

2) создавање основа за одржлив социо-економски развој на државата,

3) зголемување на професионалната мобилност и флексибилност на работоспособното население,

4) намалување на сиромаштијата, постигнување еднаквост, социјална инклузија и меѓугенерациска солидарност,

5) подобрување на квалитетот на животот - лична, семејна, природна и социјална средина,

6) развој на демократијата, интеркултурализмот и толеранцијата и

7) интеграција во европскиот социјален и економски простор со почитување на европските образовни рамки.

**Понудувачи на услуги за образование на возрасните**

Член 5

Образование за возрасните, согласно овој закон, можат да вршат установи за образование на возрасните (училиште, високообразовна установа, како и специјализирана установа за образование на возрасните) и институции за образование на возрасните (правно лице кое има регистрирано дејност за образование на возрасните).

## II. НАДЛЕЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

**Надлежни за образованието на возрасните**

Член 6

Надлежни за образование на возрасните се Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), Министерството за економија и труд, Советот за образование на возрасните, Центарот за образование на возрасните, единиците на локалната самоуправа, комориte и социјалните партнери.

**Надлежности на Министерството за образованието и наука во областа на образованието на возрасните**

Член 7

Министерството има надлежност да:

- донесе Стратегија за образование на возрасните и годишен акционен план за нејзина реализација, на предлог на Советот за образование на возрасните,
- предлага на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) мрежа на установи за образование на возрасните ,
- дава мислење до Владата за престанокот со работа на установите за образование на возрасните, согласно закон,
-врши акредитација на установите за образование на возрасните за програмите за формалното образование, согласно закон ,
- води регистар на акредитирани установи за формално образование на возрасните,
- донесува посебни програми за образование на возрасните на предлог од Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: Центарот) ,
- обезбедува средства од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на образованието на возрасните врз основа на утврдените потреби на државата ,
- обезбедува средства за истражување и развој за потребите на образованието на возрасните, во согласност со државните и потребите на Европската унија и
- врши други работи согласно закон.

**Надлежности на Министерството за економија и труд во областа на образованието на возрасните**

Член 8

Министерството за економија и труд има надлежност да:

- учествува во спроведувањето на државната политика во областа на образованието на возрасните, согласно закон,
- ги согледува потребите за преквалификација и доквалификација на кадарот преку анализа на пазарот на трудот и доставува мислење до Советот за образование на возрасните ,
- учествува во подготвувањето и усогласувањето на стручните квалификации согласно стандардот на квалификација, преку секторските комисии ,
- иницира изготвување на нови стручни квалификации согласно стандардот на квалификација  во соработка со Центарот и
- ги донесува стандардите на занимања.

**Совет за образование на возрасните**

Член 9

(1) Владата формира Совет за образование на возрасните (во натамошниот текст: Советот), како советодавно тело кое предлага стратешки прашања кои се однесуваат на политиката на развој на образованието на возрасните.

(2) Советот е составен од 13 члена именувани од Владата, и тоа: два члена од редот на експертите за образование на возрасните назначени од Владата, и по еден член од: Министерството, Бирото, Центарот за развој на стручно образование, Министерството за финансии, репрезентативниот синдикат во образованието, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, стопанската комора која ги исполнуваат услови од член 63 алинеите 3, 4, 5, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за стручно образование и обука, репрезентативната организација на работодавачи и Занаетчиска комора на Република Северна Македонија.

(3) За член на Советот може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има високо образование, ниво VIA од МРК, со најмалку стекнати 240 ЕКТС или завршен VII1 степен на образование и
- да има најмалку пет години работен стаж во образование.  Доколку нема вработено лице кое има најмалку пет години работен стаж во образование може да биде избрано лице кое има најмалку пет години работен стаж на раководна позиција во институциите од ставот (2) на овој член од која доаѓа.

(4) При именувањето на членовите на Советот се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното стручно образование, без да се нарушат условите утврдени со овој закон.

(5) Во работата на Советот учествува и директорот на Центарот, без право на глас во одлучувањето.

(6) Советот избира претседател од редот на своите членови.

(7) Мандатот на претседателот и на членовите на Советот трае четири години, со можност за уште еден последователен избор.

(8) Советот донесува деловник за својата работа.

(9) Претседателот и членовите на Советот имаат право на месечен надоместок за работењето во Советот во висина од 20% од просечната нето-плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница на Советот. За техничкиот секретар надоместок е во висина од 5% од просечната нето-плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница на Советот.

(10) Советот изготвува и донесува годишна програма за работа и ја доставува до Владата и до Министерството за информирање, до крајот на месец февруари во тековната година, за претходната година..

(11)Советот изготвува годишен извештај за работењето и го доставува до Владата и до Министерството за усвојување, до крајот на месец февруари во тековната година, за претходната година.

(12) Годишната програма од ставот (10) на овој член и годишниот извештај за работењето од ставот (11) на овој член, се објавуваат на интернет страницата на Центарот.

(13) Стручно-административните работи за Советот ги врши технички секретар на Советот, кој го определува директорот на Центарот, од редот на вработените административни службеници во Центарот.

**Надлежности на Советот**

Член 10

Советот:

- изготвува и предлага Стратегија за образование на возрасните во контекст на доживотното учење до Министерството,
- предлага развојни политики на годишно ниво до Министерството и Владата врз основа на резултати и препораки од направени анализи за потребите на пазарот на трудот од страна на Центарот, коморите, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Државниот завод за статистика, до Министерството и Владата,
- дава мислење за финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија,
- дава мислење за финансирање на валидацијата на неформалното образование и информалното учење за одредени стручни квалификации,
- доставува предлози за изготвување стандарди на квалификации и стандарди на занимање до Министерството и
- доставува полугодишни извештаи за своето работење со конкретни предлози за развојни политики до Центарот и до Министерството.

**Надлежности на единиците на локалната самоуправа во областа на образованието на возрасните**

Член 11

Советот на општината, односно на градот Скопје:

- врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот, установите и институциите за образование на возрасните,
- може да основа јавни установи за образование на возрасните, согласно о овој и друг закон,
- доставува предлози до Министерството и до Центарот за потребите за развој на програмите за образование на возрасните,
- изготвува посебни програми за образование на возрасните кои се финансираат од средствата на локалната самоуправа и ги доставува на верификација до Центарот,
- обезбедува средства за јавните установи за образование на возрасните на кои им е основач,
- доставува предлози за уписната политика во образованието на возрасните до Министерството и
- води општински регистар за установи кои реализираат јавно признати програми.

**Надлежност на социјалните партнери кои ги претставуваат интересите на работодавачите и на работниците во областа на образованието на возрасните**

Член 12

Социјални партнери се организациите на работодавачите кои ги претставуваат интересите на работодавачите и синдикатите кои ги претставуваат интересите на работниците во областа на образованието на возрасните и кои во соработка со органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа учествуваат во реформите, развојот и реализацијата на образованието на возрасните.

**Надлежности на коморите и организациите на работодавачи**

Член 13

Коморите и организациите на работодавачи кои ги претставуваат интересите на работодавачите во областа на образованието на возрасните, ги вршат следниве работи:

- изготвуваат анализи за потребите на пазарот на трудот и ги објавуваат на своите интернет страници,
-доставуваат предлози до Центарот за донесување на нови или изменување и дополнување на постоечките посебни програми за образование на возрасните,
- доставуваат предлози до Центарот за изменување или изготвување на нови стандарди на занимања и стандарди на квалификации,
- можат да основаат институции за образование на возрасните согласно овој закон ,
- изработуваат  посебни програми за образование на возрасните кои се финансираат од средствата на коморите и организациите на работодавачите и ги доставуваат на верификација до Центарот и
- вршат други работи утврдени со овој закон.

**Надлежности на репрезентативниот синдикат**

Член 14

Репрезентативниот синдикат ги врши следниве работи:

- доставува предлози за подобрување на условите за практичната обука на учесниците кај работодавачите ,
- може да основа институции за образование на возрасните согласно со одредбите од овој закон и
- изработува посебни програми за образование на возрасните кои се финансираат од средствата на синдикатот и ги доставува на верификација до Центарот.

III. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОНУДУВАЧИТЕ НА УСЛУГИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

**Права и обврски на понудувачите на услугите за образование на возрасните**

Член 15

(1) Понудувачите на услугите за формално образование на возрасните се установи за образовани на возрасните (училиште, високообразовна установа и специјализирана установа за образование на возрасните), кои имаат права и обврски утврдени во законите кои ја регулираат дејноста основно, средно и високо образование.

(2) Понудувачите на услугите за неформално образование на возрасните имаат обврска да:

- ја реализираат континуирано и квалитетно посебната програма за образование на возрасните,
- го известат Центарот при секое отпочнување и завршување на обуката за верифицирана посебна програма за образование на возрасните,

- обезбедат безбедни работни услови во рамките на процесот на образованието на возрасните,

- ги исполнуваат обврските од договорите со учесниците,

- ги прибираат и обработуваат личните податоци за учесниците од главната книга за учесници, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци и

- доставуваат до Центарот годишен извештај за реализираните посебни програми за образование на возрасните, бројот на учесниците, ангажираниот кадар, начинот на финансирање за реализација на обуките и следење на учесниците по завршување на обуката, до крајот на февруари наредната година за претходната година.

(3) Понудувачите на услугите за неформално образование на возрасните имаат право да:

- организираат и остваруваат образование на возрасните согласно овој закон и

- предлагаат измени и дополнувања на постоечките или да предлагаат нови посебни програми за образование на возрасните.

(4) Формата и содржината на годишниот извештај од став (2) алинеја 6 на овој член, ги утврдува министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот), на предлог на Центарот.

**Склучување договори**

Член 16

(1) За време на следењето на програмата за образование на возрасните се склучува договор меѓу установата или институцијата за образование на возрасните и учесникот.

(2) Во договорот од ставот (1) на овој член, се содржат условите за следење на образованието на возрасните: место на реализација на образовниот процес, времетраењето на образованието, назив на програмата, обврските на двете страни, финансискиот надоместок за следење на програмата за образование на возрасните и правна поука во случај на спор.

(3) Договорот од ставот (1) на овој член, мора да биде потпишан пред започнувањето на реализацијата на програмата за образование на возрасните.

(4) Формата и содржината на договорот од ставот (1) на овој член, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот.

**Програми за образование на возрасните**

Член 17

(1) Возрасните стекнуваат образование по јавно признати програми за формално образование (во натамошниот текст: програмите за формално образование), во установите од член 15 став (1) од овој закон, кои се акредитирани за овие програми.

(2) Прилагодувањето на програмите за формално образование од став (1) на овој член, во делот на основно, гимназиско, уметничко и за општите предмети од стручното образование го врши Бирото, односно Центарот за развој на стручно образование во делот за стручно образование, а ги утврдува министерот.

(3) Прилагодувањето на програмите за формално образование од став (1) на овој член, за учесниците со попречености во делот на основно, гимназиско, уметничко и за општите предмети од стручното образование го врши Бирото, односно Центарот за развој на стручно образование во делот за стручно образование, а ги утврдува министерот.

(4) Возрасните можат да се образуваат, усовршуваат и да ги дополнуваат своите знаења, вештини и компетенции, како и да стекнуваат стручни квалификации или дел од стручни квалификации, согласно посебните програми за неформално образование на возрасните (во натамошниот текст: посебните програми), кои се реализираат во акредитирани образовни установи и институции.

**Посебни програми за образование на возрасните**

Член 18

(1) Со посебните програми се стекнуваат:

- стручни квалификации или дел од стручни квалификации (модули) и

- знаења, вештини и компетенции кои не се дел од стручна квалификација.

(2) Посебните програми се прилагодени на возраста и претходно стекнатото образование, знаењата, вештините и компетенции на возрасните.

(3) Посебните програми ги изготвува установата, односно институцијата за образование на возрасните, а ги верификува Центарот, освен ако поинаку не е уредено со друг закон.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, Центарот може да изготвува посебни програми, по барање на понудувачите на услугите за неформално образование, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и други институции.

(5) Посебните програми од ставот (4) на овој член, ги утврдува министерот.

**Содржина на посебната програма**

Член 19

Посебната програма содржи:

- назив на посебната програма,

- сектор на квалификација согласно Законот за националната рамка за квалификации ,

- стандарди на занимања,

- код на националното занимање ,

- ниво на квалификација според МРК ,

- критериуми за упис на учесникот во посебната програма,

- опис на посебната програма,

- модули,

- резултати од учењето според стандардот на квалификацијата,

- критериуми за оценување,

- времетраење на посебната програма (вкупен број на часови) и облиците за изведување,

- број на кредити,

- кадровски, дидактички, просторни услови и опрема за изведување на посебната програма,

- проверка на постигнатите резултати од учењето и

- вид на јавна исправа со која се стекнува учесникот.

**Начин на изведување на посебната програма**

Член 20

(1) Посебните програми може да се изведуваат преку редовна настава, консултативно-инструктивна настава, дописно-консултативна настава, отворена настава, теленастава, настава на далечина и мултимедиски начин.

(2) Посебната програма која води кон стекнување стручна квалификација или дел од стручна квалификација има модуларна структура и се изготвува врз основа на соодветен стандард на занимање, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

(3) Посебната програма која не води кон стекнување стручна квалификација или дел од стручна квалификација има модуларна структура.

**Лица кои ја реализираат посебната програма**

Член 21

(1) Посебните програми ги реализираат лица кои го исполнуваат нормативот за кадар од верификуваната посебна програма и имаат стекнато подготовка за работа со возрасни, која ја организира Центарот, односно акредитирани установи и институции.

(2) Доколку установата, односно институцијата нема лице кое го исполнува условот од став (1) на овој член, посебната програма може да ја реализира лице кое нема стекнато подготовка за работа со возрасни, со обврска лицето да се стекне со подготовката во рок од шест месеци.

**Постапки за верификација на посебни програми за образование на возрасните**

Член 22

(1) Понудувачот на услуга за образование на возрасните кој сака да реализира посебна програма, до Центарот доставува барање за верификација на посебната програма со потребната документација .

(2) Барањето од став (1) на овој член и потребната документација може да бидат поднесени и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Верификацијата на посебните програми ја врши Центарот по претходно доставен предлог од Комисијата за верификација на посебни програми (во натамошниот текст: Комисијата за верификација), што ја формира директорот на Центарот.

(4) Комисијата за верификација е составена од три члена, и тоа, еден член од Центарот и два члена стручни лица од областа на поднесената посебна програма за верификација. Претседателот на Комисијата за верификација е членот од Центарот.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, доколку поднесената посебна програма е од различни сектори на квалификации на МРК и има потреба од повеќе стручни лица, Комисијата за верификација може да има и повеќе членови стручни лица од областа на поднесената посебна програма за верификација.

(6) Стручните лица, членови на Комисијата за верификација, треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат најмалку високо образование од областа на поднесената посебна програма за верификација и
- да имаат најмалку пет години работно искуство во настава во областа на поднесената посебна програма за верификација или најмалку десет години работно искуство во областа на поднесената посебна програма за верификација.

(7) Центарот објавува јавен оглас за избор на стручни лица за членови на Комисија за верификација, кој трае во текот на целата година и го објавува на својата интернет страница за да формира база од стручни лица од пријавените стручни лица.

(8) Изборот на стручни лица кои се внесуваат во базата од став (7) на овој член, ја врши трочлена комисија, од редот на вработените во Центарот, формирана од директорот на Центарот.

(9) Базата од став (7) на овој член, тековно ја ажурира Центарот со нови стручни лица.

(10) По поднесено барање за верификација на посебната програма, директорот на Центарот редоследно избира стручни лица од базата од став (7) на овој член, според поднесената посебна програма за верификација, за што донесува одлука за избор.

(11) Центарот е должен да донесе решение за верификација на посебната програмата, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член. Решението за верификација на посебната програма е со важност од пет години.

(12) Решението од став (11) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Против решението од став (11) на овој член, може да се поднесе жалба, во рок од 15 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(14) Жалбата од став (13) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(15) Трошоците за верификација на посебната програмата на установата или институцијата за образование на возрасните паѓаат на товар на подносителот на барањето од став (1) на овој член.

(16) За висината на средствата за трошоците од став (15) на овој член, управниот одбор на Центарот донесува одлука, врз основа на бројот на посебните програми кои се верификуваат.

(17) На одлуката од став (16) на овој член, согласност дава министерот.

(18) За верификуваните посебни програми, Центарот објавува каталог на својата интернет страница и на интернет страницата на Министерството.

(19) На членовите на Комисијата за верификација им следи надоместок за работата, за чија висина управниот одбор на Центарот донесува одлука, врз основа на бројот на дадени предлози за посебните програми кои се верификуваат.

(20) На одлуката од став (19) на овој член, согласност дава министерот.

(21) Комисијата за верификација работи согласно деловник, донесен од страна на директорот на Центарот.

(22) Начинот на верификација на посебната програма, како и формата и содржината на образецот на барањето за верификација на посебната програма и потребната документација, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Акредитација на установи за формално образование на возрасните**

Член 23

(1) Акредитација на установи за формално образование на возрасните врши Министерството, врз основа на поднесено барање за акредитација од установата и исполнетоста на нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар за реализирање на програмите за формално образование на возрасните.

(2) Барањето од став (1) на овој член, со потребната документација, можат да бидат поднесени и во електронска форма, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето од став (1) на овој член, Министерството донесува решение со кое одлучува по барањето од став (1) на овој член.

(4) Решението од став (3) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар за реализирање на програмите за формално образование на возрасните се согласно нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар согласно Законот за основното образование, Законот за средното образование и Законот за стручно образование и обука.

(6) Начинот на акредитацијата на установите за формално образование на возрасните, формата и содржината на образецот на барањето за акредитација и потребната документација, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Акредитација на установи и институции за неформално образование на возрасните**

Член 24

(1) Акредитација на установите и институциите за неформално образование на возрасните, врши Центарот врз основа на поднесено барање за акредитација од установата, односно институцијата и исполнетоста на нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар за реализација на верификуваните посебни програми.

(2) Барањето од став (1) на овој член, со потребната документација, можат да бидат поднесени и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар за реализирање на верификуваната посебна програма се согласно верификуваната посебна програма.

(4) Проверката на исполнетоста на нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар од ставот (3) на овој член, ја врши Комисијата за верификација од член 22 став (3) од овој закон.

(5) Центарот е должен да донесе решение за акредитација на установата или институцијата во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член. Решението е со траење додека е траењето на решението за верификација од член 22 став (11) од овој закон.

(6) Решението од став (5) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Против решението со кое се одбива барањето за акредитација на установата или институцијата, установата или институцијата може да поднесе жалба, во рок од 15 дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(8) Жалбата од став (7) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Начинот на акредитација на установа и институција за образование на возрасните, формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Регистар за акредитирани установи и институции кои реализираат посебни програми**

Член 25

(1) Центарот води Регистар за акредитирани установи и институции кои реализираат посебни програми и го објавува на својата интернет страница.

(2) Регистарот од став (1) на овој член, се води во електронска форма.

(3) Формата и содржината на регистарот од ставот (1) на овој член, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Испити и проценка**

Член 26

(1) Возрасните, своите знаења, вештини и компетенции, можат да ги докажат со полагање на испити по завршувањето на посебната програма или преку процесот на валидација.

(2) Испитите од ставот (1) на овој член, кои не водат до стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација ги организира установата, односно институцијата за образование на возрасните која ја реализирала посебната програма за стекнување на знаења, вештини и компетенции.

(3) Проценката на знаењата, вештините и компетенциите, стекнати преку посебните програми, која води до стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација ги организира установата, односно институцијата за образование на возрасните акредитирана за посебни програми за стекнување стручни квалификации или дел од стручни квалификации.

(4) Проценката на знаењата, вештините и компетенциите, стекнати низ процесот на валидација, која води до стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација ја организира акредитирана јавна установа за основно и средно образование, а ја спроведува Комисијата за проценка од член 39 став (1) од овој закон.

(5) Начинот за проценка на знаењата, вештините и компетенциите од став (4) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Центарот.

**Сертификат, свидетелство и диплома со додаток**

Член 27

(1) За знаењата, вештините и компетенциите стекнати од посебните програми кои не водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација, се добива сертификат со додаток на сертификат.

(2) За знаењата, вештините и компетенциите стекнати од посебните програми кои водат кон стекнување стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација, се добива сертификат за стручна квалификација, со додаток на сертификат, во кој се наведени модулите и резултатите од учење од стандардот на квалификација со кои се стекнал учесникот, односно сертификат за модул/и на квалификација со додаток на сертификат, во кој се наведени резултатите од учење во рамки на модулот од стандардот на квалификација со кои се стекнал учесникот.

(3) За стручната квалификација стекната преку процесот на валидација учесникот добива сертификат за стручна квалификација, со додаток на сертификат, во кој се наведени модулите и резултатите од учење од стандардот на квалификација со кои се стекнал учесникот.

(4) За валидираните знаења, вештини и компетенции од модул/ите од стандардот на квалификација учесникот добива сертификат за модул/и на квалификација со додаток на сертификат, во кој се наведени резултатите од учење во рамки на модулот од стандардот на квалификација со кои се стекнал учесникот.

(5) Формата и содржината на сертификатите и додатокот на сертификатите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

(6) Сертификатите и додатокот на сертификатите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, ги обезбедува Центарот, а понудувачите на услугите за образование на возрасните, односно за валидација плаќаат надомест за истите.

(7) Висината на надоместокот од став (6) на овој член, ја утврдува управниот одбор на Центарот, врз основа на направените трошоци за печатење и доставување на сертификатите и додатоците на сертификатите.

(8) По завршувањето на програма за формално образование на возрасните, учесникот добива диплома со додаток на диплома за завршено ниво на образование, односно свидетелство за завршено одделение или година на образование со додаток, согласно закон.

(9) По завршувањето на програма преку процесот на валидација која доведува до стекнување на квалификација од ниво I од МРК (основно образование), учесникот се стекнува со свидетелство со додаток на свидетелство за исполнетост на резултатите според стандардот на квалификација согласно закон.

(10) Сертификатот со додаток на сертификат, сертификатот за стручна квалификација со додаток на сертификат, свидетелството со додаток на свидетелство и дипломата со додаток на диплома, понудувачите на услугите за образование на возрасните, односно за валидација, може да ги издаваат и во форма на електронски документ.

**Документација и евиденција за учесниците во посебните програми**

Член 28

(1) Понудувачите на услуги за неформално образование на возрасните, кои се акредитирани за верификуваните посебни програми, водат и издаваат документација и водат евиденција за учесниците во посебните програми.

(2) Под документација од ставот (1) на овој член, се подразбира главна книга на учесници и сертификат со додаток на сертификат.

(3) Документацијата од ставот (2) на овој член, се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото на кои се реализира програмата за образование на возрасните.

(4) Под евиденција од ставот (1) на овој член, се подразбира досието за учесникот.

(5) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото на кои се реализира програмата за образование на возрасните.

(6) Начинот на водењето на евиденцијата, како и формата и содржината на документацијата и евиденцијата од ставот (1) на овој член, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Податоците за програмите за образование на возрасните**

Член 29

(1) Установите, односно институциите за образование на возрасните имаат обврска податоците за програмите кои се реализираат, учесниците и други податоци кои се од важност за следење и развој на образованието на возрасните, да ги доставуваат до Центарот.

(2) Центарот еднаш годишно ги доставува збирните податоци од ставот (1) на овој член до Државниот завод за статистика, како и до единицата на локалната самоуправа.

(3) Центарот изготвува годишен извештај за податоците од став (1) на овој член и го доставува до Министерството и до Советот до март наредната година за претходната година.

**Учесници во програмите за образование на возрасните**

Член 30

(1) Учесник во програми за образование на возрасните може да биде лице кое има навршено 16 години .

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, учесник во програмите за образовани на возрасните може да биде лице со навршени 15 години, доколку не посетувал настава во основно образование.

(3) Статус на учесник се стекнува со склучување на договор за вклучување во програма за образование на возрасните помеѓу учесникот и понудувачот на услуги.

(4) Статус на учесник престанува со завршувањето на програмата за образование на возрасните, испишување од програмата за образование на возрасните или на друг начин предвиден со договорот од член 16 од овој закон.

**Права и обврски на учесниците во програмите за образование на возрасните**

Член 31

(1) Учесниците во програмите за образование на возрасните имаат право:

- доколку се во работен однос, за време на полагање на завршниот испит на програмата за образование на возрасните за стекнување стручна квалификација или дел од стручна квалификација, имаат право да користат денови за полагање на испит, согласно закон и колективен договор,
- да бараат поврат на финансиските средства доколку програмата за образование на возрасните не може да се реализира по вина на установата или институцијата и
- да го раскинат договорот од член 16 од овој закон, според условите утврдени во договорот.

(2) Учесниците во програмата за образование на возрасните имаат обврска:

- редовно да ја посетуваат програмата за образование на возрасните,
- да го достават договорот од член 16 од овој закон, до работодавачот заради непречено следење на обуката,
- да ги почитуваат правилата за безбедност и заштита при работа и
- да ги исполнуваат и другите обврски наведени во договорот.

## IV. ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ИСКУСТВЕНО (ИНФОРМАЛНО) УЧЕЊЕ

**Валидација на неформалното образование и искуственото (информалното) учење**

Член 32

(1) Валидација на неформалното образование и искуственото (информалното) учење (во натамошниот текст: валидацијата) е постапка на идентификување, документирање, проценка и сертификација на стекнати знаења, вештини и компетенции во неформалното образование и искуствено (информалното) учење, а во согласност со стандардот за квалификацијата.

(2) Со постапката на валидација, а преку идентификување, документирање, проценка и сертификација на стекнатите знаења, вештини и компетенции, лицето може да се стекне со стручна квалификација до ниво VБ од МРК и со ниво I од МРК (основно образование).

(3) Начинот на валидација од ставот (1) на овој член, се уредува со Методологијата за процесот на валидација за стекнување на квалификација од член 38 од овој закон.

**Акредитирани јавни установи за валидација**

Член 33

(1) Валидација може да вршат само акредитирани јавни установи за основно и средно образование (во натамошниот текст: понудувачите на услуги за валидација).

(2) Понудувачите на услуги за валидација имаат право да:

- го организираат процесот на валидација на неформалното образование и искуственото (информалното) учење согласно овој закон и
- иницираат ревидирање/прилагодување на стандарди на занимање и стандарди на квалификации до надлежните институции.

(3) Понудувачите на услуги за валидација имаат обврска да:

- го спроведуваат процесот на валидација,
- обезбедат работни услови во рамки на процесот на валидација согласно Законот за безбедност и здравје при работа,
- ги исполнуваат обврските од договорот со учесниците,
- даваат информации, насоки и поддршка на учесниците пред, за време на и по завршување на процесот на валидација,
- обезбедат процес на проверка на знаењата, вештините и компетенциите на учесникот,
- ги прибираат и обработуваат личните податоци за учесниците согласно прописите од областа на заштита на личните податоци и
- ги доставуваат податоците за бројот на учесници, ангажираниот кадар и други податоци кои се од важност за следење и развој на процесот на валидација до Центарот, до крајот на февруари наредната година за претходната година, кој збирно секоја година ги доставува до Министерството и Државниот завод за статистика.

**Постапка за акредитација на понудувачите на услуги за валидација**

Член 34

(1) Акредитација на понудувачите на услуги за валидација врши Центарот, по претходно објавен јавен повик, кој трае десет дена од денот на објавувањето.

(2) Јавниот повик од став (1) на овој член, се објавува на интернет страниците на Министерството и на Центарот.

(3) Понудувачот на услуги за валидација може да го спроведува процесот на валидација доколку има простор, опрема и кадар соодветен за спроведување на про-

цесот на валидација за конкретната квалификација, за што поднесува барање за акредитација на понудувачи на услуги за валидација до Центарот.

(4) Барањето од став (3) на овој член, со потребната документација, можат да бидат поднесени и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар од ставот (3) на овој член, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот, Центарот за развој на стручно образование и Бирото.

(6) Понудувачот на услуги за валидација треба да ги исполни следните услови за акредитација:

- да има регистрирана дејност,
- да има елаборат на установата,
- да има простор и опрема,
- да има вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани советници за валидација и
- да има вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани проценувачи за валидација, за соодветна квалификација.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(8) Проверка на доставената документација за исполнетоста на условите од став (6) на овој член и избор на понудувачите на услуги за валидација кои се јавиле на јавниот повик од став (1) на овој член,, врши комисија формирана од директорот на Центарот, составена од по еден член од Министерството, Центарот, Бирото, односно Центарот за развој на стручно образование.

(9) Центарот, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за акредитација на понудувачот на услуги за валидација, донесува решение со кое одлучува по барањето за акредитација на понудувачот на услуги за валидација.

(10) Решението од став (9) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Против решението од став (9) на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(12) Жалбата од став (11) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Трошоците за проверката на исполнетоста на условите за акредитација на избраниот понудувач на услуги за валидација, паѓаат на товар на избраниот понудувач на услуги за валидација .

(14) Висината на трошоците од став (13) на овој член, со одлука ја утврдува управниот одбор на Центарот, врз основа на направените трошоци и бројот на стручни квалификации за кој се врши акредитација.

(15) На одлуката за утврдување на висината на трошоците од став (14) на овој член, согласност дава министерот.

(16) На членовите на комисијата од ставот (8) на овој член, им следи надоместок за учеството во комисијата. Висината на надоместокот со одлука ја утврдува управниот одбор на Центарот, врз основа на бројот на квалификации за кој се врши проверка.

(17) На одлуката за утврдување на висината на надоместокот од став (16) на овој член, согласност дава министерот.

(18) Начинот на акредитација на понудувачот на услуги за валидација, како и формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член и потребната документација, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Регистар за акредитирани понудувачи на услуги за валидација**

Член 35

(1) Центарот води Регистар за акредитирани понудувачи на услуги за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење и го објавува на својата интернет страница.

(2) Регистарот од став (1) на овој член, се води во електронска форма.

(3) Формата и содржината на регистарот од ставот (1) на овој член, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Учесник во процесот на валидација**

Член 36

(1) Учесник во процесот на валидација може да биде лице кое има навршено најмалку 18 години, односно најмалку 16 години за учесник во процесот на валидација на квалификација на ниво I од МРК (основно образование).

(2) Статус на учесник во процесот на валидација престанува со завршување на процесот на валидација, испишување од акредитираниот понудувач за валидација или на друг начин предвиден со договорот од член 37 став (1 ) од овој закон.

**Договор**

Член 37

(1) За процесот на валидација се склучува договор меѓу понудувачите на услуги за валидација и учесникот.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу понудувачот на услугата за валидација и учесникот на процесот за валидација.

(3) Договорот мора да биде потпишан пред започнување на процесот за валидација.

(4) Висината на надоместокот за валидација која доведува до стекнување на стручна квалификација, ја утврдува управниот одбор на Центарот, во зависност од стручната квалификација која се валидира, а по претходна согласност од министерот.

(5) Висината на надоместокот за валидација која води до стекнување на квалификација од I ниво (основно образование) од МРК, ја утврдува министерот, согласно пресметаните трошоци за квалификацијата.

(6) Висината на надоместоците од ставовите (4) и (5) на овој член, се објавува на интернет страницата на Центарот и на Министерството.

**Методологија за процесот на валидација за стекнување на стручна квалификација**

Член 38

Процесот на валидација се врши врз основа на Методологија за процесот на валидација за стекнување на стручна квалификација, која на предлог на Центарот ја утврдува министерот.

**Проценка**

Член 39

(1) Проценката на знаењата, вештините и компетенциите на учесникот ја врши Комисија за проценка, формирана од понудувачот на услуги за валидација.

(2) Комисијата за проценка е составена од тројца членови, од кои еден член е проценувач од редот на вработени односно ангажирани лица кај понудувачот на услуги за валидација, запишани во Каталогот на сертифицирани проценувачи, а два члена се надворешни сертифицирани проценувачи.

(3) Надворешните сертифицирани проценувачи од ставот (2) на овој член, на барање на понудувачот на услуги за валидација, ги определува Центарот, од редот на сертифицирани проценувачи запишани во Каталогот на сертифицирани проценувачи согласно овој закон.

(4) На надворешните проценувачи од ставот (2) на овој член, им следи надоместок за нивното учество во Комисијата за проценка, а го исплаќа акредитиранaта установа за валидација.

(5) Висината на надоместокот од став (4) на овој член, ја утврдува управниот одбор на Центарот, врз основа на бројот на учесниците.

**Јавен повик**

Член 40

(1) Центарот на својата интернет страница објавува јавен повик за заинтересирани лица за советници за валидација и јавен повик за заинтересирани лица за проценувачи за валидација , кој трае десет дена од денот на објавувањето.

(2) Избраните кандидати за советници за валидација следат обука за советници за валидација, а избраните кандидати за проценувачи за валидација, следат обука за советници за валидација, односно обука за проценувачи на валидација, кои ги спроведува Центарот, со времетраење согласно програмата од став (3) на овој член.

(3) Начинот на спроведувањето на обуките од ставот (2) на овој член и програмите за обука, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(4) По успешно завршена обука за советник за валидација, на учесникот му се издава сертификат за советник за валидација и се запишува во Каталогот на сертифицирани советници за валидација, кој го води Центарот.

(5) По успешно завршена обука за проценувач на валидација, на учесникот му се издава сертификат за проценувач за валидација и се запишува во Каталогот на сертифицирани проценувачи за валидација, кој го води Центарот.

(6) Каталозите за сертифицирани советници за валидација и сертифицирани проценувачи за валидација се објавуваат на интернет страницата на Центарот.

(7) Трошоците за следењето на обуките од ставот (2) на овој член, се на товар на кандидатот за следење обука, понудувачот на услуги за валидација или друго правно или физичко лице.

(8) Обучувачите за обуките од став (2) на овој член, имаат право на паричен надомест по одржана обука, што го определува управниот одбор на Центарот, врз основа на број на денови на реализирана обука, а по претходна согласност од министерот.

**Документација за учесниците кои се стекнале со сертификат за стручна квалификација преку процесот на валидација**

Член 41

(1) Понудувачите на услуги за валидација водат и издаваат документација за учесниците кои се стекнале со сертификат за стручна квалификација преку процесот на валидација.

(2) Под документација од ставот (1) на овој член, се подразбира: главна книга на учесници и сертификат за стручна квалификација со додаток на сертификат. Главната книга е документ од трајна вредност.

(3) Документацијата од ставот (2) на овој член, се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото на кои се спроведува валидацијата.

(4) Формата и содржината на документацијата од ставот (2) на овој член, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

**Евиденција за учесниците кои се стекнале со стручна квалификација преку процесот на валидација**

Член 42

(1) Понудувачите на услуги за валидација водат евиденција на учесници кои преку процесот на валидација се стекнале со стручна квалификација.

(2) Под евиденција од ставот (1) на овој член, се подразбира досието за учесникот.

(3) Евиденцијата од ставот (2) на овој член, се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото на кои се спроведува валидацијата.

(4) За податоците од евиденцијата од ставот (2) на овој член, Центарот води електронска база на податоци.

(5) Базата од ставот (4) на овој член, е составена од евиденција за лица кои преку процесот на валидација се стекнале со стручна квалификација и ги содржи следните податоци: име и презиме, општина, датум на издавање на сертификатот, назив на стекната квалификација и понудувач на услугата за валидација.

(6) Податоците од базата од ставот (4) на овој член ги ажурира Центарот, врз основа на податоците добиени од понудувачите на услугата за валидација.

(7) Понудувачите на услугата за валидација податоците за учесниците кои преку процесот на валидација се стекнале со сертификат за стручна квалификација и додаток на сертификат, по електронски пат ги доставуваат во Центарот, во рок од 10 дена од денот на издавањето на сертификатот за стручна квалификација и додаток на сертификат.

(8) Формата и содржината на евиденцијата од ставот (2) на овој член, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ

Член 43

Средствата за финансирање на образованието на возрасните и за валидација се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, од буџетите на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: јавните средства), од учесниците во образование на возрасните и учесниците во валидацијата, донации, заеми и проекти.

Член 44

Од Буџетот на Република Северна Македонија се обезбедуваат средства за:

- трошоците за реализација на програмите за основно образование на возрасните,
- трошоците за реализација на програмите за средно образование на возрасните кои имаат завршено само основно образование,
- тековно одржување на јавните установи за образование на возрасните на кои државата е основач и
- трошоците за следењето, унапредувањето и развојот на образованието на возрасните.

Член 45

(1) Од буџетите на единиците на локалната самоуправа се обезбедуваат средства за:

- трошоци поврзани со реализација на програмите во јавните установи за образование на возрасните на кои единицата на локалната самоуправа е основач,
- тековно одржување на јавните установи за образование на возрасните на кои единицата на локалната самоуправа е основач и
- инвестиции во јавните установи за образование на возрасните на кои единицата на локалната самоуправа е основач.

(2) Од буџетите на единиците на локалната самоуправа може да се обезбедат средства за трошоците за реализација на програмите за основно образование на возрасните.

Член 46

Од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на единиците на локалната самоуправа може да се обезбедат средства за:

- опремување со наставни и други средства на јавните установи за образование на возрасните,
- трошоците за валидација за стекнување квалификација од ниво I од МРК (основно образование),
- трошоците за изведување на посебните програмите и
- развој и реализација на програми за образование на возрасните.

Член 47

(1) Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија од член 44 алинеите 1, 2 и 3 и член 46 алинеите 2 и 3 од овој закон, се доделуваат на јавните установи за образование на возрасните, врз основа на јавен оглас кој го објавува Центарот на својата интернет страница и кој трае десет дена од денот на неговото објавување.

(2) Средствата од буџетите на единиците на локалната самоуправа, од член 45 став (1) и член 46 алинеите 2 и 3 од овој закон, се доделуваат на јавни установи за образование на возрасните врз основа на јавен оглас кој го распишува единицата на локалната самоуправа на својата интернет страница.

(3) Возрасни невработени лица, кои имаат завршено најмалку основно образование и се пријавени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, од Буџетот на Република Северна Македонија може да се доделат средства на установите односно институциите за образование на возрасните, за стекнување стручни квалификации.

(4) Средствата од став (3) на овој член, се доделуваат на установите, односно институциите за образование на возрасните, врз основа на јавен оглас кој го објавува Центарот на својата интернет страница и кој трае десет дена од денот на неговото објавување, а по претходно утврдени потреби на пазарот на трудот од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

VI. ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Член 48

(1) Центарот за образование на возрасните е јавна установа за образование на возрасните, со својство на правно лице.

(2) Центарот го основа Владата на Република Северна Македонија.

**Надлежности на Центарот**

Член 49

(1) Центарот ги врши следниве работи:

- го развива и следи образованието на возрасните заради усогласување на потребите со современиот технолошки и општествен развој,
- ја следи реализацијата на Стратегијата на образование на возрасните,
- го развива и следи процесот на валидација заради усогласување со потребите за квалификуван кадар на пазарот на трудот и со потребите на населението во контекст на доживотно учење,
- дава поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на образованието на возрасните,
- го поврзува образованието на возрасните и работата во контекстот на доживотно учење,
- развива европска ориентација на образованието на возрасните,
- предлага изготвување на стандарди на занимања и стандарди на квалификации,

- изготвува образец за модел за посебна програма за образование на возрасните,
- изготвува посебни програми за образование на возрасните за потребите на државата кои се јавно достапни,
- врши верификација на посебни програми,
-врши акредитација на установи и институции за неформално образование на возрасните и за валидација,
- објавува каталог на верификувани посебни програми на својата интернет страница,
- предлага Методологијата за процесот на валидација за стекнување на квалификација до министерот,
- обезбедува поддршка на образованието на возрасните преку советување, инструкции и менторирање на кадарот за работа со возрасни лица и за валидација,
- објавува каталог на акредитирани установи и институции за образование на возрасните на својата интернет страница и на интернет страницата на Министерството,
- објавува Регистар на акредитирани понудувачи на услуги за валидација на својата интернет страница,
- посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учесниците во образование на возрасните,
- ја реализира обуката на советници за валидација и им издава сертификати,
-ја реализира обуката на проценувачи за валидација и им издава сертификат,
- објавува каталог на сертифицирани советници за валидација на својата интернет страница,
- објавува каталог на сертифицирани проценувачи за валидација на својата интернет страница,
- го координира процесот на валидација,
- предлага мерки и активности за подобрување на врските меѓу формалното и неформалното образование,
- доставува годишен извештај до Министерството и Советот за реализација на годишните акциони планови од Стратегијата за образование на возрасните, до крајот на јануари наредната година за претходната година и
- доставува годишен извештај до Министерството за објавени јавни конкурси за доделување на средства за реализација на програми за образование на возрасните, до крајот на јануари наредната година за претходната година.

**Соработка на Центарот**

Член 50

Центарот соработува со:
- Министерството за образование и наука,
- Министерството за социјална политика, демографија и млади,
- Министерството за економија и труд,
- Министерството за локална самоуправа,
- Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија,
-Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија,
- Државниот завод за статистика,
- Стопанската комора на Северна Македонија,
- Сојузот на стопанските комори на Македонија,
- Занаетчиската комора на Република Северна Македонија,
- синдикатите во Република Северна Македонија,
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа,
- репрезентативната организација на работодавачи,
- Бирото за развој на образованието,
- Државен просветен инспекторат,
- Државниот испитен центар,
- Центар за развој на стручно образование,
- понудувачите на услуги за образование на возрасните,
- понудувачите на услуги за валидација,
- високообразовните установи во Република Северна Македонија,
- меѓународните институции и организации од областа на образованието на возрасните и валидацијата
- здруженија од областа на образованието и
- други субјекти.

**Управување и раководење со Центарот**

Член 51

(1) Со Центарот управува управен одбор.

(2) Управниот одбор е составен од девет члена, и тоа по еден член од Министерството, Министерството за економија и труд, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, стопанската комора кои ги исполнуваат условите од член 63 алинеите 3, 4, 5, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за стручно образование и обука, репрезентативната организација на работодавачи и Занаетчиската комора на Република Северна Македонија и три члена од редот на стручните работници вработени во Центарот.

(3) За член на управен одбор се именува лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има високо образование со најмалку VIA ниво од МРК, со најмалку стекнати 240 ЕКТС или завршен VII1 степен на образование и
- да има најмалку пет години работен стаж во образование. Доколку нема вработено лице кое има најмалку пет години работен стаж во образование може да биде избрано лице кое има најмалку пет години работен стаж на раководна позиција во институциите од ставот (2) на овој член од која доаѓа.

(4) Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

(5) Членовите на управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(6) Мандатот на членовите на управниот одбор трае четири години, со можност за уште еден последователен избор.

(7) Управниот одбор за својата работа донесува деловник.

(8) Претседателот и членовите на управниот одбор имаат право на месечен надоместок за работењето во управниот одбор во висина на 30% проценти од просечната нето- плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница.

**Управен одбор на Центарот**

Член 52

(1) Управниот одбор на Центарот:
- го донесува Статутот на Центарот,
- ја усвојува годишна програма за работа на Центарот,

- го усвојува годишниот извештај за работата на Центарот,
- ја утврдува висината на средствата за трошоците за верификација на програмите и за трошоците за проверката на исполнетоста на условите за акредитација на избраниот понудувач/и на услуги за валидација,
- ја утврдува висината на надоместокот за сертификатите и додатоците на сертификатите,
- ја утврдува висината за надоместокот за работа на членовите на Комисијата за верификација на посебните програми,
- ја утврдува висината на надоместокот на надворешните проценувачи за нивното учество во Комисијата за проценка,
- го определува паричниот надомест по одржана обука на обучувачите за обуките во процесот на верификација,
- ја утврдува висината на надоместокот за валидација која доведува до стекнување на стручна квалификација,
- одлучува по жалба на незадоволните кандидати против одлуката за нивниот неизбор за вработување,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во Центарот,
- предлага годишен финасиски план и завршна сметка до Владата на Република Северна Македонија и
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Центарот.

(2) Согласност на статутот на Центарот дава Владата.

**Директор и заменик на директор на Центарот**

Член 53

(1) Со Центарот раководи директор.

(2) Директор и заменик на директор на Центарот, на предлог на министерот, ги избира и разрешува Владата.

(3) За избор на директор, односно заменик на директор на Центарот, се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Северна Македонија и активно го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,
- во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има стекнато најмалку ниво VI А од МРК, најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- да е наставник со најмалку пет години работно искуство во образование или да биде вработен најмалку пет години во орган на државната управа од областа на образованието,
- да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик,
- да поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- да има изготвено план и програма за работа и развој на Центарот за период од четири години.

(5) За заменик на директор на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува условите од ставот (4) на овој член, освен условот од став (4) алинеја 7 на овој член.

(6) Заменик на директорот го заменува директорот во случај на негово отсуство или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во работењето и врши други работи што ќе му ги довери директорот.

(7) Мандатот на директорот и заменик на директорот на Центарот трае четири години, со право на уште еден последователен избор.

(8) На лицето кое е избрано за директор, односно за заменик на директор на Центарот, му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата директор, односно заменик на директор на Центарот и има право во рок од пет дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа во установата или институцијата каде работел пред да биде избран за директор, односно заменик на директор, на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое било пред да биде избран за директор, односно заменик директор.

**Постапка за избор на директор и заменик на директор на Центарот**

**Надлежности на директорот**

Член 54

Директорот на Центарот:
- ја организира и раководи со работата на Центарот,
- одговара за законитоста на работата на Центарот,
- се грижи за законито трошење на финансиските средства на Центарот,
- го застапува Центарот пред трети лица,
- ја предлага годишната програма за работа на Центарот и годишниот финансиски план за потребните средства и нивните извори,
- изготвува годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на Центарот и ја доставува до управниот одбор на Центарот,
- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Центарот и други акти на Центарот кои се однесуваат на работниот однос на вработените,
- донесува годишни планови за вработување на вработените,
- решава за правата од работен однос на вработените во Центарот,
- предлага општи и други акти и извештаи што ги донесува управниот одбор на Центарот,
- обезбедува транспарентност во работата на Центарот,
- учествува во работата на управниот одбор на Центарот, без право на глас во одлучувањето,
- ги извршува одлуките на управниот одбор на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и со статутот на Центарот.

**Основи за престанок на мандатот, односно разрешување на директор и на заменик на директорот на Центарот и именување на вршител на должноста директор на Центарот**

Член 55

(1) На директорот на Центарот му престанува мандатот, ако:

- сам побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор и
- ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на Центарот се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

- му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци и
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на Центарот.

(3) Основите за престанок на мандатот на директорот пред истекот на периодот за кој е избран од ставовите (1) и (2) на овој член, се однесуваат и на престанок на мандатот пред истекот на периодот за кој е избран заменик на директорот на Центарот.

(4) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, до избор на директор на Центарот, Владата именува вршител на должноста директор.

(5) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

**Вработени во Центарот**

Член 56

(1) За вработените во Центарот кои вршат административни работи се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, за вработените кои вршат помошно-технички работи се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.

(2) Заради вршење на стручните работи од надлежност на Центарот, во Центарот може да се систематизираат работни места и на даватели на јавни услуги во областа на образованието и за нив се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

(3) Работните места на даватели на услуги се систематизираат заради обезбедување на континуирана и соодветна стручна и советодавна поддршка на установите и институциите за образование на возрасните, наставниците, обучувачите, работодавачите и поддршка на системот и кадарот за валидација на неформалното образование и информалното учење преку вршење на следните стручни работи:

- организирање на истражувања и анализи за развојот на образованието на возрасните,
- организирање и спроведување на обуки за наставниците, обучувачите и другите извршители вклучени во реализацијата на образованието на возрасните,
- организирање и спроведување на обуки за советниците, проценувачите и другите извршители вклучени во реализацијата на валидацијата на неформално образование и информално учење,
- вршење на советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во установите и институциите за образование на возрасните, вклучително и за самоевалуацијата и изработка на развојните планови,
- учество во развој на квалификациите,
- учество во изготвување на програмите за образование на возрасните од членот 18 став (4) од овој закон,
- учество во домашни и меѓународни истражувачки проекти,
- овозможување поддршка на реализацијата на образованието на возрасните и валидацијата на неформалното образование и информалното учење,
- промотивни активности и соработка со локални, национални и меѓународни партнери и
- овозможување поддршка и учество во други работи од надлежност на Центарот.

**Категории на вработени во Центарот**

Член 57

(1) Во согласност со одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место, работните места на давателите на јавни услуги од член 56 ставот (2) од овој закон, се класифицираат во две категории, и тоа:

- категорија А - раководни даватели на јавни услуги и
- категорија Б - стручни даватели на јавни услуги.

(2) Во рамките на категоријата од ставот (1) алинеја 1 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места:

- ниво А1 раководител на служба и
- ниво А2 координатор на оддел.

(3) Во рамките на категоријата од став (1) алинеја 2 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места:

- ниво Б1 Самостоен стручен соработник и
- ниво Б2 стручен соработник.

(4) За пополнување на работно место на давател на јавна услуга кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

(5) Покрај општите услови од ставот (4) на овој член, давателите на јавни услуги треба да ги исполнуваат и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работни места во Центарот.

**Вработувањето на давателите на јавни услуги во Центарот**

Член 58

(1) Вработувањето на давателите на јавни услуги во Центарот се врши согласно Законот за вработените во јавниот сектор, врз основа на годишен план за вработување.

(2) Директорот на Центарот донесува одлука за потреба од вработување на даватели на јавни услуги, за пополнување на слободно работно место во Центарот, по претходно добиено писмено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

(3) Со одлуката од став (2) на овој член, се определува дали пополнувањето на слободното работно место во Центарот се врши преку вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, објавување на интерен оглас и мобилност преку распоредување или преземање согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

(4) Во Центарот, потребата од давател на јавни услуги се обезбедува со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% проценти од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, во Центарот може да се пополни работно место преку склучување на договор за вработување на определено време согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.

(6) Во случаи кога пополнувањето на слободно работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, истиот се објавува на огласната табла на Центарот и на интернет страницата на Центарот. Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на давателите на јавна услуга кариерно напредување.

(7) При постапката за унапредување се почитува начелото за соодветна и правична застапеност. Постапката за унапредување може да започне откако ќе се добие известување за обезбедени финасиски средства.

(8) Огласот од став (6) на овој член, содржи податоци за работното место кое треба да се пополни и за потребните услови кои треба да ги исполни давателот на јавната услуга согласно овој закон и актот за систематизација на работните места во Центарот и рок за пријавување на интерниот оглас, кој не може да биде пократок од три работни дена од денот на неговото објавување. Рокот за пријавување не може да биде пократок од три, односно подолг од осум дена од денот на неговото објавување.

(9) На интерниот оглас може да се пријави давател на услуга вработен во Центарот, кој ги исполнува општите услови од овој закон и посебните услови од актот за систематизација на работните места во Центарот за сооодветното ниво, како и да:

- е оценет со оцена „4" или „5" при последното оценување,

- поминал најмалку две години на тековното работно место и

- не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(10) Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси или до лицето кое ги врши работите со управување со човечки ресурси ако нема организациона единица во Центарот.

(11) Директорот на Центарот формира комисија за селекција за унапредување, составена од три члена и нивни заменици, од кои еден член е давател на јавна услуга од категоријата на раководни даватели на јавни услуги, еден член е давател на јавна услуга со исто или повисоко звање со давателот на јавна услуга за кое работно место е објавен интерниот оглас и еден член е вработен од организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите со управување со човечки ресурси ако нема организациона единица во Центарот. Претседател на комисијата е членот од категоријата на раководни даватели на јавни услуги. Доколку нема лице од категоријата на раководни даватели на јавни услуги, претседател на комисија е вработен со повисоко звање од давателот на јавна услуга за кое работно место е објавен интерниот оглас.

(12) Постапката по интерниот оглас се содржи од две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

(13) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју.

(14) По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. Во рок од три работни дена од добивање на предлогот директор е должен да донесе одлука за избор. Одлуката за избор, во рок од пет дена од денот на нејзиното донесување, се доставува до кандидатите и се објавува на интернет-страницата на Центарот.

(15) Директорот, во рок од три работни дена од завршената административна селекција и интервјуто, може да донесе одлука за невршење на избор и во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување. Против одлуката за избор или невршење на избор на давател на јавна услуга незадоволниот кандидат може да изјави жалба до управниот одбор на Центарот, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за избор, односно од денот на објавување на интернет страницата или огласната табла на одлука за невршење на избор.

(16) Управниот одбор одлучува по жалбата од став (15) на овој член, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

**Комисија за селекција**

Член 59

(1) Директорот на Центарот, за вработување на даватели на јавни услуги по пат на јавен оглас, формира комисија за селекција составена од три члена и нивни заменици од кои еден член е давател на јавна услуга од категоријата на раководни даватели на јавни услуги, еден член е давател на јавна услуга со исто или повисоко звање со давателот на јавна услуга за кое работно место е објавен интерниот оглас и еден член е вработен од организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите со управување со човечки ресурси ако нема организациона единица во Центарот.

(2) Постапката по јавниот оглас се содржи од две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

